Република Северна Македонија

**КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА**

ОКСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut

**KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI**

Архивски број: 08 - 68/7

23-04-2025 година

Постапувајќи по претставка бр. 08-68/1 од 13.1.2025 година поднесена од од Скопје, против АД Градски Трговски Центар Скопје и – претседател на Управниот Одбор на ГТЦ Скопје, за извршена дискриминација врз основа на политичко уверување и здравствена состојба во областа на работа и работни односи, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 21, став 1, точка 14 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Службен Весник на Република Северна Македонија бр. 258/2020 од 30.10.2020) го донесе следното

## МИСЛЕЊЕ

**НЕ СЕ УТВРДУВА ДИРЕКТНА ДИСКРИМИНАЦИЈА** врз основа на политичко уверување и здравствена состојба во областа на работа и работни односи сторена од страна на АД Градски Трговски Центар Скопје и – претседател на Управен Одбор на ГТЦ Скопје врз

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Во Комисијата за спречување и заштита од дискриминација архивирана е претставка бр. 08-68/1 од 13.1.2025 година, поднесена од страна на сторена дискриминација врз основа на политичко уверување и здравствена состојба во областа на работата и работните односи од страна на АД Градски трговски центар Скопје и – претседател на УО на ГТЦ Скопје.

Согласно наводите на претставката, подносителката била вработена во АД Градски Трговски Центар Скопје, при што наведува дека на 18 и 19.11.2024 година не била на работа, додека на 20.11.2024 година се појавила на работа, но поради лошата здравствена состојба веднаш си заминала од работното место. Притоа, истакнува дека одговорното лице кое требало да го извести за нејзиното заминување на дадениот ден согласно распоредот за работа имало работни обврски во текот на втората дневна смена, па подносителката не можела да го извести за нејзиното отсуство. Во продолжение на ова, подносителката наведува дека по заминувањето од работното место, се јавила во матичната амбуланта каде што примила соодветна терапија, наведувајќи дека „Бидејќи чекав да видам како ќе бидам и дали ќе бодам подобро, боледувањето го отворив од следниот ден од 21.11 бидејќи не бев во можност да одам на работа.", наведувајќи дека за 20.11 има медицински извештај кој го потврдува погоре наведеното.

Во однос на спроведената дисциплинска постапка од страна на дисциплинска комисија за која подносителката наведува дека била составена од страна на новото раководство, во претставката е истакнато дека неколку луѓе биле етикетирани како членови на друга политичка партија, при што подносителката конкретно била „во многу блиска роднинска врска со поранешен функционер од редовите на СДСМ и бев ставена прва на список за бркање поради недоаѓање 3 дена на работа". По донесувањето на одлуката за отказ на 6.12.2024 година, подносителката по завршувањето на нејзиното боледување поднела приговор до Управниот одбор, при што истакнато е дека претседателот на истиот не разговарал со подносителката за деновите на кои таа не била присутна на работното место, тој го водел разговорот со прашања за изминатите години за случувањата во рамките на

трговскиот центар. Ѝ бил побаран оригинал од медицинскиот извештај, кој го доставила на состанокот на дисциплинската комисија, во продолжение на што е наведено дека не ѝ бил доставен записник од предметниот состанок кој ѝ бил потребен на подносителката за поведување на судска постапка против АД ГТЦ.

Подносителката достави документација во прилог на претставката која се состоеше од:
- Извештај за привремена спреченост за работа од 21.11.2024 до 5.12.2024 година со податоци од медицинска документација на подносителката (бр. на здравствена легитимација, здравствен број на осигуреникот, потпис и факсимил на избраниот лекар и печат на ПЗУ во рамките на која е издаден извештајот);
- Лекарски извештај издаден без архивски број и податоци со датум 20.11.2024 година и печат и потпис од доктор по општа медицина;
- Приговор бр. 0404-4018/1 од 13.12.2024 година до Второстепена комисија за одборот на директори за одлучување по приговори од работен однос при Друштвото за издавање на деловен простор под закуп во Градски Трговски центар АД Скопје.

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација согласно член 24 став 7 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, на ден 17.1.2025 година испрати Известување бр. 08-68/2 за произнесување по наводите од претставката до АД Градски трговски центар Скопје и претседателот на Управниот одбор на правното лице –

На ден 5.2.2025 година, до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставен одговор на известувањето за произнесување од страна на наведените потенцијални дискриминатори, заведено под арх. бр. 08-68/3.

Во произнесувањето по наводите од претставката, од страна на АД ГТЦ Скопје наведуваат дека против подносителката на претставката била поведена дисциплинска постапка поради непочитување на работниот ред и дисциплина, при што било утврдено дека подносителката неоправдано изостанала од работа три работни дена. Оттука истакнато е дека конкретната дисциплинска постапка не била поведена поради постоење на некакви наводни списоци, туку во согласност со Правилникот за дисциплинска постапка во Градски Трговски Центар Акционерско друштво за издавање на деловен простор под закуп – Скопје, Законот за работни односи, Колективниот договор на ГТЦ А.Д. – Скопје и позитивните законски и подзаконски прописи кои ја уредуваат предметната материја, при што наведуваат дека биле запазени сите рокови и биле обезбедени сите докази и изјави релевантни за водењето на конкретната дисциплинска постапка. Во продолжение на ова, го потврдуваат тврдењето на подносителката дека вложила приговор до Второстепената комисија на Одборот на директори за одлучување по приговори од работен однос. Во врска со ова, во произнесувањето е наведено дека Одборот на директори на ГТЦ Скопје донел одлука ваквиот приговор да биде одбиен, потврдувајќи ја Одлуката за откажување на договорот за вработување.

Во однос на наводите за дискриминација врз основа на политичкото уверување на подносителката, од АД ГТЦ Скопје целосно ги отфрлуваат, истакнувајќи дека немаат никакви познавања за политичката припадност на подносителката или пак нејзините фамилијарни односи, додавајќи дека за незаинтересираноста за политичката припадност и фамилијарните односи на вработените говори моменталната поставеност на менаџерскиот тим на акционерското друштво, како и разноликоста на структурата на вработените во истото.

Во однос на наведениот дискриминаторски основ здравствена состојба, од страна на акционерското друштво наведуваат дека сметаат дека нема потреба да навлегуваат во

појаснување на фактичката состојба, со тоа што накратко е наведено дека во конкретниот случај станува збор за поранешна вработена која врз основа н извршени задолжителни здравствени лекарски прегледи е утврдено дека е работоспособна. Во однос на приложената документација за боледување, наведено е дека акционерското друштво и претседателот на Одборот на директори се воделе од позитивните законски прописи, особено имајќи предвид дека лекарските извештаи се обрасци според законски и подзаконски утврди прописи, со елементи кои задолжително треба да ги содржат.

Во продолжение на доставениот поднесок беше приложено и произнесување од страна на – претседател на Одборот на директори на АД, кој го наведува истото како и во погоре цитираното произнесување од страна на акционерското друштво. Во продолжение на ова, претседателот на Одборот на директори смета дека прифаќањето, или во конкретниот случај неприфаќањето на одредени докази при спроведувањето на дисциплинската постапка, како и донесувањето на одлука за откажување на договорот за вработување се предмет на друг вид на постапки, при што наведува дека подносителката веќе има преземено соодветни дејствија пред институциите надлежни за одлучување во областа на работните спорови.

Поради потребата од прибирање на дополнителни информации во врска со наводите во претставката, а со цел кредибилно и мериторно донесување на мислење, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација на ден 14.2.2025 година до АД Градски трговски центар – Скопје достави барање за информации согласно член 30 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, со барање да биде доставена документацијата од спроведената дисциплинска постапка против подносителката на претставката.

На 5.3.2025 година, до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставена бараната дополнителна документација која се состоеше од:

- Изјава од непосредно претпоставен доставена до Секторот за комерцијални работи и маркетинг бр. 1009-3590/1 од 20.11.2024 година;
- Барање за раскинување на договор за работа од Секторот за комерцијални работи и маркетинг до Извршен директор бр. 1009-3590/2 од 20.11.2024 година;
- Предлог за поведување на дисциплинска постапка бр. 1009-3590/3 од 20.11.2024;
- Решение за формирање на Комисија за водење дисциплинска постапка во АД ГТЦ Скопје бр. 0404-3692/1 од 26.11.2024 година;
- Достава на погоре наведеното Решение и Барање за произнесување на Синдикалната организација од Комисијата за водење на дисциплинска постапка до претседателот на СО на АД ГТЦ Скопје бр. 0404-3692/2 од 26.11.2024 година;
- Барање на информација за редовност на вработените до Секторот за информатички технологии бр. 0402-3734/1 од 28.11.2024;
- Одговор од Секторот за информатички технологии бр. 1404-3742/1 од 28.11.2024;
- Покана за писмена изјава во дисциплинска постапка од Комисија за водење на дисциплински постапки до . бр. 0404-3739/1 од 28.11.2024, со прилог повратница за уредна достава на истата;
- Записник за одржана прва седница на Комисијата за водење на дисциплинска постапка бр.0404-3773/1 од 29.11.2024;
- Записник за одржана втора седница на Комисијата за водење на дисциплинска постапка бр.0404-3840/1 од 3.12.2024;
- Писмена изјава во дисциплинска постапка од . . бр. 0404-3846/1 од 4.12.2024;
- Записник за одржана трета седница на Комисијата за водење на дисциплинска постапка и усно дадена и своерачно потпишана Изјава на подносителката бр.0404-3960/1 од 6.12.2024;

- Извештај од Седница на Комисија за водење на дисциплински постапки до Извршен директор бр. 0404-3954/1 од 6.12.2024;
- Одлука за откажување на договор за работа без отказен рок број 0402-3955/1 од 6.12.2024 година;
- Приговор од [redacted]до Второстепена комисија на Одборот на директори за одлучување по приговори од работен однос бр. 0404-4018/1 од 13.12.2024;
- Известување за приговор на Одлука за откажување на договор за работа од Сектор за правни и општи работи до Комисија за подготовка на работен материјал по приговори од работен однос бр. 0404-4075/1 од 17.12.2024 година;
- Барање мислење по Приговор на одлука за откажување на договор за работа без отказен рок 0402-3955/1 до претседателот на Синдикалната организација на АД ГТЦ Скопје бр. 0206-4089/1 од 17.12.2024;
- Одговор на барање од претседателот на СО на АД ГТЦ Скопје бр. 0206-4089/2 од 17.12.2024;
- Доставување подготвен материјал потребен за одлучување по Приговор против Одлука за откажување на договорот за работа до Одбор на директори на АД ГТЦ Скопје бр. 0206-4097/1 од 18.12.2024;
- Известување за одржување на седница на Одбор на директори на АД ГТЦ Скопје до [redacted] бр. 0302-4116/1 од 19.12.2024 година;
- Одлука на Одборот на директори на АД ГТЦ Скопје бр. 0202-4137/2 од 20.12.2024 година.

Имајќи ја во предвид претставката, произнесувањето по истата како и сите дополнително доставени докази и информации, во конкретниот случај, Комисијата ја утврди следната фактичка состојба:

Подносителката на претставката била вработена кај потенцијалниот дискриминатор на работно место референт за функционирање на конференциска сала, против која се водела дисциплинска постапка поради 3 последователни дена неоправдано отсуство од работното место за деновите 18, 19 и 20.11.2024 година. Согласно електронската евиденција од Секторот за информатички технологии на АД ГТЦ Скопје, подносителката на претставката нема евидентирани работни часови во спорните денови. Во прилог на ова, шефот на отсекот за работа на куглана, конференциска сала и игротека (лицето кое ѝ е претпоставено) дал изјава со која потврдил дека подносителката била отсутна на дадените денови и за ваквото отсуство не донела оправдување ниту пак ги известила нејзините претпоставени. Последователно на ова, на 20.11.2024 година помошник директорот на секторот за комерцијални работи и маркетинг (во кој е распределена подносителката на претставката) поднел Предлог за поведување на дисциплинска постапка, поради 3 дневното неоправдано отсуство на подносителката, а со цел утврдување на сите факти и околности од кои би се утврдила евентуалната дисциплинска одговорност за повреда на работните обврски. Притоа, во истиот временски период кога била поведена дисциплинска постапка против подносителката на претставката, поради истите причини била поведена и дисциплинска постапка против и две други лица вработени во ГТЦ Скопје.

Во однос на дисциплинската постапка поведена против подносителката, на 4.12.2024 дала писмена изјава дека користи боледување кое трае до 5.12.2024 година, при што потенцира дека изјавата дадена од страна на [redacted] не треба да биде земена во предвид бидејќи никогаш во минатото не имале пракса да му најавуваат отсуство. Дополнително на ова, подносителката наведува дека нејзината картичка за електронско евидентирање на присуство била изгубена пред неколку месеци и за истото усно бил известен претходниот раководител. Следствено на ова, на 6.12.2024 година била одржана седница на Комисијата

за водење на дисциплинска постапка, на која подносителката на претставката ги надополнила тврдењата истакнати во писмената изјава, наведувајќи дека на 18 и 19 ноември не била на работа поради тоа што била во лоша здравствена состојба, додека на 20.11.2024 дошла на работа и заминала веднаш, при што отворила боледување следниот ден – на 21 ноември. Разгледувајќи ги изведените докази во текот на дисциплинската постапка, Комисијата за водење на дисциплинска постапка едногласно донела одлука за престанок на работниот однос на подносителката, согласно член 82 став 1 точка 1 од Законот за работните односи, кои гласат:

*„(1) Работодавачот може на работникот да му го откаже договорот за вработување без отказен рок во случаите на кршење на работниот ред и дисциплина или неисполнување на работните обврски утврдени со овој или друг закон, колективен договор, правилата за работниот ред и дисциплина и договорот за вработување, а особено ако работникот:*

1) *Неоправдано изостане од работа три последователни работни дена или пет работни дена во текот на една година;"*

Ваквата одлука била донесен на 6.12.2024 година, а доставена до подносителката на 10.12.2024 година. Подносителката поднела приговор против одлуката за отказ на 13.12.2024, по што одборот на директори на ГТЦ Скопје донел одлука бр. 0202-4137/2 на 20.12.2024 година со која го одбива поднесениот приговор и ја потврдува одлуката за откажување на договорот за работа без отказен рок.

Оттука, земајќи ги во предвид наводите во претставката, одговорот од произнесувањето по истата како и останатите прибавени релевантни факти, докази и информации, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација утврди дека не станува збор за извршена дискриминација од страна на Градски Трговски Центар АД Скопје и претседателот на управниот одбор врз , согласно **член 6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација** кој гласи:

*„Дискриминација е секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа, со сторување или несторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група на еднаква основа со други. Ова ги опфаќа сите форми на дискриминација вклучително и оневозможување на соодветно приспособување и оневозможување на пристапност и достапност на инфраструктурата, добрата и услугите".*

Имено, Комисијата констатира дека во конкретниот случај не е исполнета законската дефиниција за дискриминација, притоа не утврдувајќи дискриминација врз основа на политичкото уверување или здравствената состојба на подносителката кои се наведени како дискриминаторски основи во предметната претставка. Оттука, имајќи ја предвид фактичката состојба, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација не го ценеше тврдењето за дискриминација истакнато од страна на подносителката како веројатно, имајќи го предвид фактот дека истата не приложила докази со кои би можело да се утврди дека нејзиното политичко уверување или пак роднинската врска со поранешен политички функционер кој не е наведен во самата претставка. Дополнително на ова, во конкретниот случај не постои компаратор – лице кое се наоѓа во споредлива ситуација со подносителката, а во однос на кое е постапено понеповолно врз основ на нејзиното политичко уверување како наведен дискриминаторски основ, особено имајќи предвид дека за истото прекршување на работниот ред и дисциплина била водена дисциплинска постапка и против други 2 лица вработени кај истиот работодавач. Следствено на ова, Комисијата утврди дека не постои каузална врска помеѓу наведената дискриминаторска

основа и донесената одлука за откажување на договорот за работа, при што истата не претставува акт на дискриминација согласно член 6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација. Во смисла на претходно наведеното, одлуката за отказ, како што е образложено во самата содржина на истата, била донесена поради кршење на работниот ред и дисциплина согласно член 81 од Законот за работните односи, при што не може да се утврди дека вака донесениот отказ бил во некаква каузална врска со политичкото уверување или здравствената состојба на подносителката.

Во однос на здравствената состојба како наведена дискриминаторска основа, од приложените докази може да се увиди дека подносителката има отворено боледување започнувајќи од 21.11.2024 година со времетраење до 5.12.2024 година, согласно Извештај за привремена спреченост за работа издадено од Приватна здравствена установа, со потпис и печат на лекарот кој го издал истото, како и печат на ПЗУ во рамките на која извештајот бил издаден. Во однос на 20.11, кој претставува третиот ден од неоправданото отсуство на подносителката согласно утврденото во рамките на спроведената дисциплинска постапка, подносителката доставила лекарски извештај со кој и е утврдена анамнеза и препишана терапија, при што на предметниот лекарски извештај присутен е печат и потпис на докторот по општа медицина кој го извршил истиот, со датум 20.11.2024 година. Согласно претходно наведеното, здравствената состојба на подносителката не може да претставува дискриминаторски основ согласно кој би се утврдило дека донесената одлука за отказ претставува дискриминација, имајќи предвид дека Комисијата која ја водела дисциплинската постапка утврдила дека подносителката не ги оправдала трите последователни дена отсуство за кои се товари, при што отказот бил донесен поради неоправданото отсуство од 3 последователни дена, независно од причините поради кои истата не била присутна. Оттука, вака донесениот отказ не претставува понеповолен третман врз основа на таа наведена дискриминаторска основа.

Оттука, имајќи ја предвид законската дефиниција, Комисијата не пронајде дека била сторена дискриминација врз основа на здравствена состојба и политичко уверување во областа на работата и работните односи од страна на АД Градски Трговски Центар Скопје и претседателот на управниот одбор [redacted] врз [redacted].

Согласно надлежностите од член 21 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, а во врска со член 27 став (1) од истиот Закон, врз основа на погоре изнесеното, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи како во диспозитивот на мислењето.

Комисија за спречување и заштита од
дискриминација
Претседател на Комисијата
Лимко Бејзароски

Доставено до:

- Градски Трговски Центар АД Скопје, кеј „13-ти Ноември" кула 2, 1000 Скопје